**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16-11-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5667 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период, од 1 до 10 ноември 2016 година, анализирани се исто толку изданија на централното издание на вестите на ТВ 21-М емитувани во терминот од 18 часот и 30 минути. Вкупното времетраење на прилозите што се предмет на анализа е 3 часа 57 минути и 3 секунди. Станува збор за жанрови со информативен предзнак (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави) коишто го

сочинуваат вкупното време на анализираните прилози во централното-дневно информативно издание (Табела 1).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:23:47 | 10,03 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:13:09 | 5,55 | % |
| Други субјекти | 00:22:10 | 9,35 | % |
| СДСМ | 00:12:26 | 5,25 | % |
| Судство | 00:10:42 | 4,51 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:19 | 1,40 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:14 | 5,58 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:49 | 2,45 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:03:14 | 1,36 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:28 | 0,62 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:50 | 3,73 | % |
| Граѓански сектор | 00:19:33 | 8,25 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:25:59 | 10,96 | % |
| Без субјекти | 00:27:25 | 11,57 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:58 | 3,36 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:33 | 0,65 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:52 | 2,90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:02 | 7,19 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:10 | 0,91 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:55 | 1,23 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:14 | 0,94 | % |
| Беса | 00:01:28 | 0,62 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:53 | 0,37 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:26 | 0,18 | % |
| Шарена револуција | 00:00:59 | 0,41 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:13 | 0,51 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:15 | 0,11 | % |
| | **Вкупно: 03:57:03** | 100 | % |

Три од субјектите се застапени со над 10% во времетраењето на анализираните прилози и заедно зафаќаат една третина од вкупните 3 часа 57 минути и 3 секунди. Според одвоеното време, тие се речиси подеднакво застапени, а станува збор за субјектите методолошки кодирани како „Без субјекти", „Експерти/аналитичари" и „Влада на РМ".

Два настана, за коишто медиумот информира неколку денови последователно, ја чинат категоријата „Без субјекти" најзастапена во рамки на седмиот по ред извештаен период. Станува збор за обилните врнежи коишто го зафатија скопскиот регион и поплавите во дел од населените места што претрпеа штети и со поплавите од месец август, и вториот настан е за протестите на жителите што живеат во дел од зградите долж „Партизанска" улица во Скопје, во врска со недостигот од паркинг места. Вообичаено, и за двата настана, главни соговорници беа засегнатите жители, едните од поплавените подрачја и вторите, станарите што го блокираа булеварот „Партизански одреди". Медиумот извести и за протестниот марш на жителите од

Куманово во знак на поддршка на косовски државјанин, којшто бил притворен, со цел правично постапување со него, како и за протестите на граѓаните од Скопје коишто не се приклучени на централниот систем на парно греење на БЕГ, а плаќаат за неиспорачана услуга. Телевизијата емитуваше и еден прилог со хуманитарна цел, да му се помогне на социјално загрозеното семејство Зибери од Скопје, полесно да ја помине зимата. Во неколку прилози (за гласањето на Албанците на претстојните избори, отворањето на старата џамија во Битола за верниците, зголемениот број на пациенти на Пулмологија, осигурувањето на имотите од природни непогоди) медиумот преку реализираните анкети, го пренесе и ставот на граѓаните.

Со временска застапеност од 26 минути (10.96%) следуваат субјектите коишто припаѓаат на категоријата „Експерти/аналитичари". Застапеноста на оваа категорија временски е речиси идентична со застапеноста од претходниот, шести по ред извештаен период, кога изнесуваше 27 минути. Повторно најголем дел од мислењата на експертите/аналитичарите се искажани во рамки на дебатната емисија „Клик плус". Во централното дневно-информативно издание на вестите, медиумот преку емитуваните прилози, пренесува дел од исказите изнесени во емисијата. Во извештајниот период главна тема што преовладува во дебатите се претстојните избори и поддтемите поврзани со неа, па оттука главните гости се претставници на политичките партии и аналитичари на политичките случувања. Покрај за изборните случувања, како подоминантни може да се издвојат уште две теми за коишто известуваше медиумот, надвор од прилозите поврзани со емисијата „Клик плус", а во коишто го пренесе и ставот на експертите/аналитичарите. Едната тема беше од сферата на економијата (новото владино задолжување, малите и средните компании без поддршка од Владата и банките, над 28.000 семејства со минимални месечни примања), а втората поврзана со Извештајот на ЕУ за нашата земја. И во двата случаи беа емитувани по неколку прилози.

Третиот субјект со двоцифрена процентуална застапеност (10.03% или безмалку 24 минути) е „Влада на РМ". Известувањето за активностите на владините претставници е за нивните редовни активности. Три настани може да се издвојат, според застапеноста, како носители на времето одвоено за овој субјект: прес-конференциите на МВР во врска со преземените чекори кон дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов и неговите реакции, изјавите и активностите на владините претставници околу затворањето комбинатот Југохром поради загадување на животната средина и информациите за новите владини задолжувања со пренесен став или соопштенија од Министерството за финансии. Застапеноста на ова категорија ја дополнуваат и информациите за отвореноста на Владата кон граѓаните, изјавите на министерот за образование во врска со ненаменските трошења на неговиот претходник и во врска со просторните проблеми на некои од училиштата во Општина Чашка, изјавите на владините претставници поврзани со Извештајот на ЕУ, акција на МВР за спречување тероризам и други.

Како четврто застапени (9.35% или 22 минути) следуваат субјектите кодирани како „Други субјекти", а во овој извештаен период тука влегуваат: комбинатот Југохром, Стопанската комора на Северозападна Македонија, адвокати, гувернерот на Народна банка на РМ, Сојузот на стопански комори на РМ, ректорот на универзитетот „Мајка Тереза", Народниот правобранител, осигурителна компанија „Албсиг", „Утрински весник", менаџмент на МПМ итн.

Единаесет политички субјекти се појавија во прилозите на ТВ 21 - М. Според отстапениот временски простор, присутноста на политичките субјекти е следна: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, Коалиција ВМРО за Македонија, ДПА-ДР, ДПА, ДОМ, Беса, Демократски сојуз, Коалиција за промени и правда и ПДП.

<u>*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*</u>

| ТВ 21 М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:38 | 4,70 % |
| Влада на РМ | 00:04:39 | 8,30 % |
| СДСМ | 00:04:59 | 8,89 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:44 | 1,31 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:50 | 6,84 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:12:47 | 22,81 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:18 | 2,32 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:22 | 7,79 | % |
| Други субјекти | 00:06:12 | 11,06 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:30 | 0,89 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:01 | 1,81 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:32 | 8,09 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:05 | 3,72 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:28 | 2,62 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:30 | 0,89 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:08 | 2,02 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:12 | 2,14 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:27 | 0,80 | % |
| Беса | 00:00:19 | 0,56 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:23 | 0,68 | % |
| Шарена револуција | 00:00:28 | 0,83 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:31 | 0,92 | % |
| | **Вкупно: 00:56:03** | 100 | % |

Една петтина од времето повторно, како и во претходниот извештаен период, заземаат директните обраќања на експертите и аналитичарите. Според временската застапеност на непосредни обраќања следуваат: „Други субјекти", СДСМ, „Влада на РМ", субјектите што припаѓаат на категоријата „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари" итн.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебатни емисии</u>*

Во периодот од 1 до 10 ноември се емитувани вкупно 8 дебати, седум во рамки на емисијата „Клик плус" и едно дебатно соочување во рамки на емисијата „10 минути". Емитувани се и единаесет репризни изданија на дебатите од „Клик плус".

На 1 ноември, гости во студиото на Телевизија 21 - М беа универзитетските професори Изет Зеќири и Улбер Села, претседателот на Здружението на ветерани на УЧК Бесим Хода и претседателот на Стопанската комора на Северозападна Македонија Неби Хоџа. Дискутираа за изборните листи што треба да ги номинираат партиите за претстојните избори и за досегашните искуства со листите од претходните избори. Дебатата е репризирана два пати наредниот ден.

На 2 ноември се емитувани две дебатни соочувања, едното во емисијата „10 минути", а второто, стандардно, во емисија „Клик плус". На еколошки теми, пред сè поврзани со загадувањето на воздухот од страна на комбинатот Југохром, своите ставови ги сопоставија министерот за животна средина Башким Амети и претставникот на невладината организација „Еко герила" Арианит Џафери. Гости во „Клик плус" беа Талат Џафери од ДУИ, Беким Фазлиу од ДПА, Осман Кадриу, универзитетски професор и Насер Селмани, претседател на Здружението на новинари на РМ. Можноста за официјализирање на албанскиот јазик како втор службен јазик, беше главната тема околу која дискутираа гостите. Наредниот ден емисијата е два пати репризирана.

Третото премиерно издание на „Клик плус" е реализирано на 3 ноември со аналитичарите Борјан Јовановски, Алберт Муслиу и Александар Пандов. Дискутираа тоа каква влада ни е потребна после изборите од 11 декември. Двете реприз се емитувани наредниот ден.

На 4 ноември, на тема „Што треба да направат политичките партии за да привлечат гласови", дебатираа новинарите-аналитичари, Тодор Пендаров и Сафет Бишевац. И од ова издание се емитувани две реприз, наредниот ден.

Петтата дебата беше посветена на подготвеноста на партијата ДПА-ДР за претстојните избори, а во неа учествуваа претседателот на партијата Зијадин Села и политичките аналитичари Исмет Рамадани, Шпетим Положани и Алберт Муслиу. Ова издание беше репризирано еднаш, на 9 ноември.

Претпоследната дебата беше емитувана на претпоследниот ден од овој седми по ред извештаен период - 9 ноември. Во ова издание на „Клик плус" гостуваа претседателот на СДСМ Зоран Заев, од една страна и аналитичарите Исмет Рамадани, Висар Адеми и Имер Исмаили од друга страна. Се дискутираше за подготвеноста на СДСМ за претстојните избори. Две реприз се емитувани наредниот ден.

Последното, седмо, издание на „Клик плус", од 10 ноември, е посветено на изборот на Доналд Трамп за претседател на САД, а гости беа Георги Филипов, поранешен амбасадор, Андреа Стојковски од Македонскиот институт за европско образование и Трифун Костовски од Северноатлантскиот совет на РМ.

*Интервјуа*

Во десетте дена извештаен период (од 1 до 10 ноември) се емитувани пет интервјуа во рамки на емисијата „10 минути".

Разговорот од 1 ноември, поврзан со тоа кој и зошто прислушувал во РМ и за очекувањата од истрагите во врска со прислушувањето, беше со универзитетскиот професор Иван Бабамовски.

Економските теми (владините задолжувања, состојбите со пензискиот фонд, економските движења во земјава) доминираа во интервјуто од 4 ноември, реализирано со универзитетскиот професор Марјан Петрески.

На 7 ноември, гостин во емисијата „10 минути" беше Живко Анастасов од Заедницата на македонските друштва во Швајцарија. Се разговараше за гласањето во дијаспората.

Претседателката на политичката партија ДОМ Лилјана Поповска, беше гостинка во изданието од 8 ноември. Се дискутираше за претстојните избори, коалицирањето со СДСМ, нејзиното повлекување од листата за пратеници.

Во последното издание на емисијата „10 минути" во рамки на седмиот извештаен период, реализирано на 10 ноември, беа емитувани два разговора, со поранешниот судија на Уставен суд Трендафил Ивановски и поранешниот јавен обвинител Јован Трпеновски. Фокусот на разговорите беше околу Специјалното јавно обвинителство, можноста за формирање специјален суд, реизборот на судии, препораките на ЕУ во делот на судството.

***Сектор за програмски работи***